# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на<br>Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 13 Октомври 2020 година<br>Скопје<br>Бр.9 Год. XV |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


***Содржина:***


1. **Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2020 година ........стр.2**
2. **Одлука за за измена со проширување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2020 година во колона донации ........стр.4**
3. **Одлука за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на општина Ѓорче Петров во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2) ........стр.6**
4. **Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ѓорче Петров и Град Скопје за отстранување на напуштени, хаварисани и нерегистрирани моторни и други возила од јавните површини ........стр.8**


**Октомври 2020 година**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2020 година**

**Се објавува одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2020 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и седмата седница, одржана на ден 13.10.2020 година.**

**Број 09-1730/1**
**од 13.10.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 2 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 28 точка 1 од Законот за финансирање на единици на локалната самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и Сл.Весник на Р.С.М. бр.209/18 и 244/19), член 15 точка 2 од Статутот на општина Ѓорче Петров - Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарните одлуки за измени и дополнувања на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 47-та седница одржана на 13.10.2020 година, донесе**

## О Д Л У К А
## за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2020 година

### Член 1

**Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2020 година, на следниот начин:**

| Потпрограма Потставка | | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| **421240** | **Течни горива** | **-100.000** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **424210** | **Одржување на згради** | **0** | **0** | **-36.000** | **0** | **0** |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| **421390** | **Други трошоци за комуникација** | **100.000** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **483120** | **Купување на училишен мебел** | **0** | **0** | **36.000** | **0** | **0** |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

### Член 2

**Одлуката за измена на распоредот на средствата влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2020 година, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-1616/3**
**од 13.10.2020 година**
**С к о п ј е**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена со проширување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2020 година во колона донации**

**Се објавува одлуката за измена со проширување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2020 година во колона донации, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и седмата седница, одржана на ден 13.10.2020 година.**

**Број 09-1730/2**
**од 13.10.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 2 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 28 точка 1 од Законот за финансирање на единици на локалната самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и Сл.Весник на Р.С.М. бр.209/18 и 244/19), член 15 точка 2 од Статутот на општина Ѓорче Петров - Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарните одлуки за измени и дополнувања на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 47-та седница одржана на 13.10.2020 година, донесе**

## О Д Л У К А
## за измена со проширување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2020 година во колона донации

### Член 1

**Со оваа одлука се врши измена со проширување на средства во Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2020 година во колона донации на следниот начин:**

**Се зголемуваат приходите на следната потставка:**

| Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| 742111 Приходи од Обедин. нации | 0 | 0 | 0 | 2.700.000 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 2.700.000 | 0 |

**И се распоредуваат на следната потпрограма и потставка:**

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| ЈА0 ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ | | | | | |
| 482820 Изградба на капацитети во енергетиката | 0 | 0 | 0 | 2.700.000 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 2.700.000 | 0 |

### Член 2

**Одлуката за измена со проширување на средствата влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2020 година, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-1616/4**
**од 13.10.2020 година**
**С к о п ј е**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на општина Ѓорче Петров во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2)**

**Се објавува одлуката за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на општина Ѓорче Петров во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2), што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и седмата седница, одржана на ден 13.10.2020 година.**

**Број 09-1730/3**
**од 13.10.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19), член 4 од Законот за јавен долг (Сл. Весник на Р.М. бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19) и член 36 став 1 точка 3 и 10 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М." бр.5/02), член 16 став 1 точка 3 и 10 од Статутот на општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Сл. гласник на општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 47-та седница одржана на 13.10.2020 година, донесе**

## О Д Л У К А
### За намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на општина Ѓорче Петров во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2)

**Член 1**

**Со одлуката се утврдува намера на реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на општина Ѓорче Петров, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Вториот проект за подобрување на општинските услуги МСИП 2 финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, во висина на 70.000.000,00 денари, а со цел финансирање на капитален инвестициски проект:"Реконструкција и изградба на различни улици во урбаниот дел на општина Ѓорче Петров"**

**Член 2**

**Инвестиционата вредност на целиот проект изнесува 85.114.000,00 денари, од кои 70.000.000,00 денари ќе бидат обезбедени од Вториот проект за подобрување на општинските услуги МСИП 2 финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, а остатокот средства во висина од 15.114.000,00 денари ќе се обезбедат од Буџет на општина Ѓорче Петров за 2021 година од Програма ФА, Потпрограма 480123-реконструкција на улици во урбаното подрачје.**

**Член 3**

**Уловите на задолжувањето ќе се утврдат по одобрувањето на проектите од страна на Министерството за финансии а согласно условите наведени во јавниот повик.**

**Член 4**

**Одлука стапува на сила веднаш, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров".**

**Број 08-1616/5**
**од 13.10.2020 година**
**С к о п ј е**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ѓорче Петров и Град Скопје за отстранување на напуштени, хаварисани и нерегистрирани моторни и други возила од јавните површини**

**Се објавува одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ѓорче Петров и Град Скопје за отстранување на напуштени, хаварисани и нерегистрирани моторни и други возила од јавните површини, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и седмата седница, одржана на ден 13.10.2020 година.**

**Број 09-1730/4**
**од 13.10.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36, а во врска со член 14 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Р.М. број 5/02), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ број 79/09), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарните одлуки (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 47-та седница одржана на 13.10.2020 година, донесе**

**О Д Л У К А**
**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ѓорче Петров и Град Скопје за отстранување на напуштени, хаварисани и нерегистрирани моторни и други возила од јавните површини**

**Член 1**

**Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ѓорче Петров и Град Скопје за пренесување на надлежност на град Скопје за отстранување на напуштени, хаварисани и нерегистрирани моторни и други возила од јавните површини на територијата општината.**

**Член 2**

**Градот Скопје надлежноста од Член 1 на одлуката ќе ја извршува со возилта на Јавното претпријатие Градски паркинг Скопје, во име и за сметка на општина Ѓорче Петров.**

**Возилата опишани во Член 1 на одлуката кои ќе бидат отстранети од јавните површини, времено ќе бидат сместени на локација на КП.1717 КО Драчево 2 и КП.1718 КО Драчево 2, општина Кисела вода.**

**Член 3**

**Општина Ѓорче Петров е согласна за реализација на меѓуопштинската соработка предвидена во Член 1 од одлуката, да предвиди потребни финасиски средства во својот буџет.**

**Висината на финансиските средства, условите и начинот на реализација на меѓуопштинската соработка за вршење на пренесената надлежност на градот Скопје, се утврдена со договор.**

**Се овластува градоначалникот на општина Ѓорче Петров да склучи договор со градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.**

**Член 4**

**Одлуката стапува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-1616/6**
**Од 13.10.2020 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**